**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Оддел за судска практика**
**СПР.бр.24/2019**

**До**
**Апелационен суд Гостивар**

**Предмет:** Достава на Записник од Заедничката средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви се доставува Записникот од Заедничката средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови, на тема Воедначување на примена на законите и судска практика, „Концепт за работа и усогласување", која се одржа во Врховниот суд Република Северна Македонија, на ден 07.03.2019 година.

**Прилог:** Записник од Заедничката средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови.

**Претседател на**
**Одделот за судска практика**
**с у д и ј а**
**Николчо Николовски**

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Оддел за судска практика**
**СПР.бр.24/2019**

# З А П И С Н И К

**од Заедничката средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови, на тема Воедначување на примена на законите и судска практика, „Концепт за работа и усогласување“, одржана на ден 07.03.2019 година**

На заедничката средба одржана во Врховниот суд на Република Северна Македонија присуствуваше Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија Јово Вангеловски, претседателот, судиите и стручно советничкиот кадар на Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Претседателот на Апелациониот суд Битола Елизабета Манели Ташевска, Претседателот на Апелациониот суд Гостивар Шефајет Хајдари, Претседателот на Апелациониот суд Скопје Лидија Димчевска и Претседателот на Апелациониот суд Штип Наке Георгиев, претседателите на одделите во секој од апелационите судови, претставници на Центарот за правни истражувања и г-дин Ѓуро Сеса Претседател на Врховниот суд на Република Хрватска, во својство на меѓународен експерт и консултант назначен за Врховниот суд на Република Северна Македонија, избран преку механизмот на експертската координација кој се спроведува во рамките на Европската унија, во соработка со Советот на Европа за хоризонтална поддршка на земјите на Западен Балкан.

Со поздравно обраќање кон присутните, заедничката средба ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јово Вангеловски. Во своето излагање се осврна на остварените заеднички средби и работни состаноци, со г-дин Ѓуро Сеса, почнувајќи од месец јули 2018 година, заклучно со месец февруари 2019 година, посветени на различни теми поврзани со практичната примена на Националната стратегија за реформи во правосудниот сектор и Акциониот план, во согласност со европските стандарди. Во оваа насока сподели дека во рамки на експертската координација на Европската унија, со поддршка на Советот на Европа, делегација составена од судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија и апелационите судови во месец ноември 2018 година, остварила работна посета на Република Хрватска, при што судиите имале можност да присуствуваат на средба помеѓу претседателите на граѓанските оддели на судовите во Република Хрватска со претставници од Врховниот суд на Република Хрватска и да се запознаат со начинот на кој истите остваруваат соработка во

насока на изнаоѓање решенија за спорните правни прашања кои неминовно се појавуваат во работата на судовите. Воедно, во рамките на таа посета, судиите присуствувале и на семинар од областа на граѓанското право на тема „Спорни прашања и актуелна судска практика". Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, истакна дека следејќи го тоа искуство, во делот на европската помош преку ангажирање на г-дин Ѓуро Сеса, се посвети внимание на делот на јакнење на капацитетите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, особено на следењето на судската практика, притоа потенцирајќи ја уставната позиција на Врховниот суд, да го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите и која наложува највисокиот суд во земјата да презема активна улога во обезбедување доследност на судската практика за обезбедување на правната сигурност. Со оглед на ограничувањата од процесна природа, поради кои сите предмети не доаѓаат во Врховниот суд и подолгото траење на постапките по предметите за кои Судот одлучува, поради заостаток на предмети и во континуитет помал број од предвидениот на судии, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија укажа дека се создава состојба Врховниот суд да не може благовремено да се произнесе по одредени предмети и на тој начин полесно да се усогласи судската практика. Во оваа насока ја истакна потребата за воведување промени и усвојување на препораки за континуирано, редовно одржување на работни средби на Врховниот суд со апелационите судови, за хармонизирање на ставови за поставени спорни прашања од страна на пониските судови. Со одржувањето на тековната заедничка средба на тема Воедначување на примена на законите и судска практика, „Концепт за работа и усогласување", следејќи го позитивното искуство на Република Хрватска, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија најави одржување на континуирани средби во иднина, со цел заживување на концептот на хармонизација и подобрување на конзистентноста на судската практика, по што му беше даден збор на г-дин Ѓуро Сеса.

Во своето обраќање, г-дин Ѓуро Сеса истакна дека со неговата посета завршува проектот во кој имал двојна улога, преку соработка со Врховниот суд и соработка со Судскиот совет. Во однос на двата дела на проектот, појасни дека истите имале слични компоненти како транспарентност, при што соработката со Врховниот суд била во насока на унапредување и хармонизацијата на судската практика што се јавува како проблем, воопшто во сите правни системи и користењето на АКМИС системот, додека соработката со Судскиот совет се однесувала на прашањата за транспарентноста, одговорноста на членовите на Судскиот совет и евалуацијата на судиите. За тековната средба, посочи дека треба да стане традиција и потреба на судовите, особено апелационите судови и Врховниот суд, со оглед да Врховниот суд не може само преку своите одлуки да ја воедначува судската практика, бидејќи многу прашања не доаѓаат до Судот или доаѓаат прекасно, а потребно е да се најде и механизам преку кој ќе се пружи помош на пониските судови по бројните прашања. Во оваа насока, како сегменти преку кои ќе се постигне целта на ваквиот тип на средби, ги посочи нормалната и отворена комуникација помеѓу пониските и повисоките судови, отвореното и аргументирано расправање на состаноците, како и соодветно информирање на стручната јавност за донесените заклучоци и мислења на тие средби. Завршувајќи го своето излагање, истакна дека со исполнување на наведените услови, по протек на одредено време, ќе се разјаснат ставовите кои ќе помогнат во работата на судството и на граѓаните, воопшто.

По воведните обраќања, се прејде на работниот дел од средбата, односно на разгледување на претходно доставените правни прашања од областа на граѓанското право и хармонизирање на ставовите по истите.

Во работниот дел од средбата, збор зема Претседателот на Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Северна Македонија, судијата Николчо Николовски, кој откако ги поздрави присутните, образложи дека новиот концепт на работни средби кои во иднина ќе се одржуваат во Врховниот суд на Република Северна Македонија, произлегува од потребата, покрај хоризонталното усогласување кое го прават апелационите судови, да има и вертикално усогласување на праксата судовите. Посочи дека придонес во тоа и досега имаа начелните правни мислења, начелните правни ставови на Врховниот суд, како и правните мислења на одделите и сентенците од одлуките на Врховниот суд кои се објавуваат, а кои понатаму по силата на аргументите делуваат и имаат влијание на пониските судови, во примена на правните сфаќања при донесувањето на одлуките. Воедно, истакна дека при воспоставување на новиот начин на работа, значајна улога има проектот на кој се осврна г-дин Ѓуро Сеса, како и тековниот проект, поддржан од Центарот за правни истражувања.

Работниот дел од средбата продолжи со разгледување на првото правно прашање кое гласи:

„Дали за судење во постапка по приговор против решение за издавање на нотарски платен налог, месно надлежен суд ќе биде судот за кој странките се договориле?".

Претседателот на Апелациониот суд Битола, Елизабета Манели Ташевска, по однос на поставеното прашање, збор и даде на судијата Татјана Сусулеска, Претседател на Одделот за судска практика, која го изложи ставот на Судот, заземен со мнозинство на гласови, на седница на Граѓанскиот оддел. Во оваа насока, беше образложено дека се работи за постапка која започнува пред нотар, кој постапува согласно одредбите од Законот за нотаријат, па истиот кога ќе прими приговор против нотарскиот платен налог, должен е списите да ги достави до надлежниот суд, односно судот кој има седиште на територијата на која нотарот има своја надлежност, со што се дефинира месната надлежност. Оттука, кога судот ќе го прими приговорот, а дополнително ќе биде истакнат и приговор од страна на тужителот кој дотогаш бил доверител, дека поради договорена надлежност на друг суд со спротивната странка бара предметот со списите да се достави до надлежниот суд, според ставот на Апелациониот суд Битола, надлежен е судот за кој странките се договориле. Воедно, беше споделен и ставот на останатите судии по однос на ова прашање, при што се посочи дека предвиденото во одредбата од член 63 од Законот за парничната постапка, „ако со закон не е определена исклучителна месна надлежност на некој суд", е услов за да можат странките да се спогодат. Вака конципираната одредба упатува на тоа дека ако не се смета дека со Законот за нотаријат е определена надлежноста, со тоа што се вели "судот кој е надлежен на територијата каде што нотарот има седиште", тогаш би останал заклучокот дека спогодбата за месна надлежност може да стапи на сила кога списите на предметот доаѓаат во суд. Доколку се земе предвид одредбата од член 428-а став 2 од Законот

за парничната постапка, каде се вели „нотарот е должен предметот со сите списи да го достави до надлежниот основен суд во рок од 3 дена", според градацијата на надлежностите дефинирани со Законот за парничната постапка, доколку спогодбата за месна надлежност може да се стави на позначајно место од она што е дефинирано со Закон како месна надлежност, ќе треба да се промени и ставот.

Претседателот на Апелациониот суд Гостивар Шефајет Хајдари, збор му даде на Претседателот на Граѓанскиот оддел судија Велко Страшески, кој откако ги поздрави присутните, го изнесе ставот на Судот по правното прашање, заземен со мнозинство на гласови од судиите кои работат во граѓанската материја, дека во постапките по приговор против решението за издавање нотарски платен налог, месно надлежен ќе биде судот за кој странките се договориле, во случај да имаат писмен договор презентиран пред судот каде нотарот го доставил приговорот. Притоа беше наведено дека одредбите кои се посочени во правното прашање, односно член 26, член 68 став 1, член 72 став 1 од Законот за нотаријат, не може да ја дерогираат одредбата од член 63 став 1 од Законот за парничната постапка, во случај кога странките постигнале согласност за месна надлежност на друг суд.

Претседателот на Апелациониот суд Скопје, Лидија Димчевска посочи дека кога бил донесен Законот за нотаријат, биле одржани советувања на кои била постигната согласност дека во случај кога е определена исклучива надлежност на суд согласно закон, странките не можат да се спогодат за надлежноста. Потоа, даде збор на Претседателот на Граѓанскиот оддел судија Катерина Ѓорѓиевска, која откако ги поздрави присутните, образложи дека Граѓанскиот оддел по однос на поставеното правно прашање, поаѓајќи од членот 19 од Законот за парничната постапка, каде е предвидено дека само должникот може да приговара на месна надлежност, смета дека кога има договорена надлежност, а притоа не се работи за исклучива месна надлежност, приговорот од должникот ќе биде прифатен и ќе се суди по договорената месна надлежност, од причина што членот 68 од Законот за нотаријат, не може да го дерогира членот 63 од Законот за парничната постапка. Според мислењето на Апелациониот суд Скопје, доверителот не може да истакнува приговор на месна надлежност, бидејќи сам избира каде ќе го поднесе предлогот за издавање на платен налог, со што на некој начин се откажува од договорената надлежност.

Претседателот на Трговскиот оддел, судијата Јованка Никодиновска посочи дека суштината на поставеното правно прашање е дали нотарот согласно одредбата од член 72 став 3 од Законот за нотаријат, по поднесен приговор од должникот, предметот со сите списи го доставува, заедно со приговорот до основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот. Во оваа насока појасни дека дел од судиите на Трговскиот оддел се на мислење дека со наведената одредба е определена исклучива надлежност на основниот суд, па не може да дојде до примена одредбата за договорена надлежност, затоа што кај исклучива надлежност нема можност за договарање на надлежноста. Ова со оглед да, освен можноста Законот за парничната постапка да определи исклучива надлежност, тоа можат да го сторат и други закони, во случајот Законот за нотаријат, па така, во услови кога нотарот е обврзан и определено му е каде ќе го достави предметот со списите, односно до кој основен суд, востановена е исклучива надлежност. Претседателот на трговскиот оддел укажа дека останатиот дел од колегите сметаат дека исклучивата надлежност е само на нотарот, но не и на судот, поради што може да дојде до примена на одредбите за договорена надлежност.

Претседателот на Апелациониот суд Штип Наке Георгиев, откако ги поздрави присутните, истакна дека на седница на Граѓанскиот оддел, едногласно е заземен став дека во смисла на одредбата од член 68 од Законот за нотаријат, во постапката по приговор против решение за издавање на нотарски платен налог, месно надлежен суд ќе биде судот на чие подрачје е седиштето на нотарот, односно седиштето на должникот, па оттука нема да биде надлежен судот за кој странките се договориле.

Збор зема и Претседателот на Граѓанскиот оддел судијата Зоранчо Мицевски кој се сложи во целост со напред изнесеното.

Во однос на ставот на Врховниот суд на Република Северна Македонија по правното прашање, судијата Николчо Николовски истакна дека Одделот за граѓански дела и Одделот за судска практика, не се произнеле по истоо, така што присутните судии кои се членови на Одделот за судска практика, ќе изнесат лични аргументи по однос на правното прашање. Во своето излагање наведе дека по однос на правното прашање треба да се исклучи можноста за аналогна примена на одредбите од член 417 до член 428 од Законот за парничната постапка, предвидени во поглавјето „Издавање на платен налог", се однесуваат на судскиот платен налог. Притоа, посочи дека поставеното правно прашање се однесува на ситуација кога приговорот е поднесен од страна на тужителот, кој со околноста дека должникот, односно тужениот поднел приговор на нотарскиот платен налог, се запознава во моментот кога истиот ќе го добие. Според мислење на судијата, од тој момент доверителот, односно тужителот, според Законот за парничната постапка, има можност да се повика на договорена месна надлежност пред судот, кој ќе се огласи за месно ненадлежен и понатаму ќе го отстапи предметот на судот кој е месно надлежен согласно договорената надлежност.

Во расправата, збор зема судијата Васил Грчев од Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој го искажа својот личен став по однос на правното прашање, а кој е во корелација со ставот на Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Гостивар. Притоа, истакна дека во случајот се работи за две различни постапки, една која се води кај нотарот согласно одредбите од Законот за нотаријат и друга, што после поднесен приговор, се води пред суд кој постапува по Законот за парничната постапка, па оттука одредбите од Законот за нотаријат не може да ги суспендираат одредбите на Законот за парничната постапка. Според судијата, Законот за нотаријат има исклучива надлежност, во однос на поднесување на предлогот, односно таму каде што живее должникот, а доверителот може за прв пат да истакне приговор за месна надлежност после приговорот на должникот на нотарскиот платен налог. Во оваа насока, како должникот, така и доверителот има право да истакне приговор на месна надлежност.

Претседателот на Апелациониот суд Скопје Лидија Димчевска, истакна дека треба да се има предвид целта на Законот за нотаријат и одредбата од член 68 од истиот закон, каде е определена исклучителна месна надлежност на судот, па оттука не може надлежен да биде судот кој странките ќе го предложат.

Според судијата Јованка Никодиновска, за да се заземе став по однос на правното прашање, треба да се појде од фактот, дали се работи за две различни постапки или за една единствена постапка. Во случајот треба да се прифати дека

станува збор за една постапка која започнува пред нотарот, а продолжува пред судот, па во таа насока со Законот за нотаријат е определена и надлежноста на судот.

Судијата Николчо Николовски реплицираше дека се работи за една постапка од аспект на континуитет на постапувањето од моментот на поднесување на предлогот за издавање нотарски платен налог па натаму, при што нотарот работи исклучиво по одредбите на Законот за нотаријат до моментот кога предметот ќе дојде до судот, по што се применува Законот за парничната постапка. Притоа, посочи дека исклучителната надлежност на нотарот е во однос на поднесување на предлогот за издавање на нотарски платен налог, онаму каде е седиштето должникот, а со тоа е надлежен нотарот на тоа подрачје и судот. Во моментот кога приговорот ќе дојде во судот, судот е должен да постапува според одредбите на Законот за парничната постапка, па во моментот кога тужителот укажува дека има договорена надлежност, судот треба да ја почитува диспозицијата на странките.

Претседателот на Апелациониот суд Штип Наке Горгиев истакна дека според Законот за нотаријат кој е специјален закон, кога предлогот ќе се достави до нотарот, се цени дали живеалиштето на должникот е на територијата на нотарот, и логично е таа прва фаза да продолжи кај судот на чие подрачје е нотарот.

Во дискусијата збор зема г-дин Ѓуро Сеса, кој меѓу другото наведе дека во случајот е клучно да се одговори на прашањето дали одредбата од Законот за нотаријат предвидува исклучива надлежност, па оттука да се заземе соодветниот став по однос на правното прашање.

Претседателот на Одделот за судска практика при Апелациониот суд Скопје судија Лидија Мартинова, истакна дека во конкретниот случај треба да се направи динстинкција на две работи: дали доверителот има право на приговор и дали членот 68 став 1 од Законот за нотаријат, ја определува само надлежноста на нотарот или и надлежноста на судот кој ќе одлучи по приговор за ненадлежност. Сподели дека Граѓанскиот оддел е едногласен во ставот дека наведениот член определува само месна надлежност на нотарот и дека по тој приговор ќе одлучува судот, но како ќе одлучи тоа е одлука на судот. Од друга страна се постапува и прашањето дали доколку се прифати дека исклучиво е надлежен нотарот, не се дерогира правото на странките да договараат надлежност во своите меѓусебни односи.

Судијата Татјана Сусулеска во своето излагање наведе дека во членот 72 од Законот за нотаријат, предвидува исклучителна надлежност на суд, па оттука се исклучува можноста за договорање во однос на надлежноста, со оглед да сподогбата по градација доаѓа доколку не е определена исклучителна надлежност на постапување.

По исцрпната дискусија, се констатираше дека поради различните размислувања на судовите по однос на поставеното правно прашање, нема услови за донесување на заклучок. Притоа, присутните се согласија поставеното правно прашање, повторно да се разгледа на Работната средба на четирите апелациони судови, која на 13-15 март, ќе се одржи во Битола, со што заврши расправата по првото прашање.

Работниот дел од средбата продолжи по второто правно прашање, кое гласи:

„Дали секое задржување од плата на работник без негова согласност треба да има третман на побарување од работен спор или пак може да најде примена член 199 од Законот за облигационите односи за стекнување без основ?“

По правното прашање, ставот на Апелациониот суд Битола, го изнесе судијата Лиле Наумовска Претседател на Граѓанскиот оддел, која истакна дека во конкретниот случај се работи за побарување од работен однос, без оглед дали задржувањето од плата е со согласност или не, па оттука се применува Законот за работните односи.

Претседателот на Апелациониот суд Гостивар по однос на правното прашање, збор му даде на претседателот на Одделот за судска практика судија Беким Мехмеди кој образложи дека мнозинството на судии, смета дека наведеното правно прашање треба да има третман на побарување од работен спор.

Претседателот на Одделот за работни спорови, судијата Букурије Ајдини го изнесе мислењето на Апелациониот суд Скопје по однос на поставеното правно прашање, кое е едногласно и во насока на тоа дека задржувањето од плата на работник без негова согласност има третман исклучиво на работен спор. Судијата посочи дека и прашањето за застареност на таквото побарувања, е уредено со одредбите од Законот за работните односи.

По правното прашање, ставот на Апелациониот суд Штип го изнесе судијата Зоранчо Мицевски, кој истакна дека истото било разгледано на седница на Граѓанскиот оддел, при што мнозинството од судиите смета дека секое задржување од плата на работник без негова согласност треба да има третман на побарување од работен спор.

Со исцрпување на дискусијата по однос на правното прашање, а со оглед да ставовите на апелационите судови кои беа изнесени се идентични, се констатираше дека е усвоен следниот:

ЗАКЛУЧОК

Секое задржување од плата на работник без негова согласност, има третман на побарување од работен спор.

Работниот дел од средбата продолжи по третото правно прашање, кое гласи:

„Дали трошоците направени за рочиштето за објавување на пресуда се потребни трошоци во смисла на член 149 од Законот за парничната постапка?“

По правното прашање, ставот на Апелациониот суд Битола, го изнесе судијата Татјана Сусулеска, според кој тоа се потребни трошоци за водење на постапката, согласно член 149 од Законот за парничната постапка. Во оваа насока образложи дека рочиштето за објавување на пресудата, како посебно рочиште е определено со член 324 од Законот за парничната постапка, според кој правило треба да биде пресудата да се донесува веднаш по заклучување на главната расправа на записник и да се објави од судијата поединец или прегседател на советот, а се предвидува и исклучок од правилото, во посложените предмети судот може да го одложи донесувањето на пресудата за 8 дена од денот на заклучувањето на главната расправа, во кој рок судот е должен да одржи рочиште на кое ќе ја објави пресудата. Оттука, со оглед да Законот го обврзува судот да одржи рочиште на кое ќе ги повика странките, доколку странката дојде со свој полномошник адвокат, според ставот на Судот, се применува член 8 став 1 точка 6 од Тарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите, каде се предвидени трошоците за рочиштето за објавување на пресудата.

Во однос на ставот на Апелациониот суд Гостивар, по однос на правното прашање судијата Велко Страшевски, истака дека истиот е донесен едногласно и е во насока на тоа дека трошоците направени за рочиштето за објавување на пресуда се потребни, а на што упатуваат одредбите од член 149 и член 324 од Законот за парничната постапка и член 8 став 1 точка 6 од Тарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите.

Ставот на Апелациониот суд Скопје по однос на правното прашање, го образложи судијата Катерина Ѓорѓиеска, а кој е во насока на тоа дека не следуваат трошоци за рочиште за објава на пресуда. Притоа, како причина за ваквиот став наведе дека се работи за рочиште на кое не се преземаат никакви дејствија, кое за странките не е задолжително, а доколку отсуствуваат нема последици за нивното отсуството. Воедно, напомена дека во Тарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите, се предвидуваат награди за дејствија на адвокатите, но судот е тој што цени дали тие дејствија, односно таа награда што се побарува како трошок во парничната постапка е потребен и нужен трошок, согласно член 148 и член 149 од Законот за парничната постапка. Како пример ја посочи праксата на постапување во однос на патните трошоци кои Тарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите ги предвидува, но судот не ги досудува, што е во корелација и со правното мислење на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Судијата Јованка Никодиновска, потенцираше дека ваквиот став до дели и Трговскиот оддел при Апелациониот суд Скопје.

Претседателот на Апелациониот суд Штип истакна дека заклучокот на судиите на Граѓанскиот оддел, е дека трошоците за објава на пресуда не се потребни трошоци во смисла на член 149 од Законот за парничната постапка, бидејќи присуството на тоа рочиште не е задолжително и на истото не се преземаат процесни дејствија за кои по Тарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите на странките би следувале трошоци.

Во дискусијата, збор зема судијата Николчо Николовски кој сподели дека за правното прашање Одделот за граѓански дека при Врховниот суд на Република Северна Македонија има донесено правно мислење кое е објавено на веб страната на Судот, во насока на тоа дека трошоците за објава на пресуда се нужни и потребни трошоци и посочи дека треба да се земе предвид правното образложение на донесеното правно мислење.

Со оглед на различните ставови по правното прашање, се констатираше дека е потребно истото повторно да се разгледа на Работната средба на четирите апелациони судови која следува во Битола, а се со цел да се постигне усогласување на мислењата и ставовите во насока на донесување на заклучок по однос на ова прашање, со што заврши дискусијата по однос на поставеното правно прашање.

Дополнително, збор зема г-динот Сеса кој акцентираше дека трошоците за кои се дискутира се потребни и во смисла на членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој налага јавна објава на пресудите. Воедно, посочи дека доколку веќе има став на Врховниот суд по однос на правното прашање, истиот треба само да се потврди, бидејќи со тоа се потврдува и авторитетот на Врховниот суд.

Работниот дел од средбата продолжи по четвртото правно прашање, кое гласи:

„Дали пасивно легитимиран како тужен, во постапките со јавнообвинителските службеници за исплата на додаток на плата за посебни услови за работа, додаток на плата за висок ризик и додаток на плата за доверливост, може да биде Република Македонија - Јавно обвинителство на Република Македонија или Република Македонија - Јавно обвинителство (Вишо јавно обвинителство, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Основно јавно обвинителство), односно обвинителството како единка во која тужителот ги извршува работните задачи?"

Ставот на Апелациониот суд Битола по правното прашање го изнесе судијата Лиле Наумоска, кој е едногласен и во насока на тоа дека доволно е како тужен да биде наведена Република Македонија, меѓутоа умесно е да стои и органот од каде доаѓа работникот кој ги бара своите права пред судот.

Во однос на ставот на Апелациониот суд Гостивар, по правното прашање судијата Бекир Мехмеди истакна дека треба да биде тужена Република Македонија - Јавно обвинителство на Република Македонија, а не каде е вработен работникот, поаѓајќи од самите донесените решенија за додатоци.

Судијата Букурије Ајдини го изнесе мислењето на Апелациониот суд Скопје по однос на поставеното правно прашање, поаѓајќи од материјалните прописи кои ги уредуваат прашањата за работните права на јавнообвинителските службеници, а во кои не се опфатени јавните обвинители. Во оваа насока истакна дека пасивно

легитимиран во овие постапки треба да биде Република Македонија и обвинителството против кое е насочено тужбеното барање, било да е Јавното обвинителство на Република Македонија, било да е единката каде работи тужителот. Притоа, потенцираше дека најсоодветно би било да стои Република Македонија - Јавно обвинителство на Република Македонија, па единката во која тужителот ги извршува работните задачи, со што целосно би била опфатена пасивната легитимација.

Претседателот на Апелациониот суд Штип истакна дека правното прашање било разгледано во Граѓанскиот оддел, а мнозинството на судии смета дека како тужен треба да биде Република Македонија - Јавното обвинителтво на Република Македонија.

Во дискусијата, збор зема судијата Николчо Николовски кој го сподели своето мислење дека предлогот на Апелационен суд Скопје е најблиску до севкупно опфаќање на пасивната легитимација, па оттука тужен треба биде Република Македонија - Јавно обвинителство на Република Македонија и обвинителство каде е вработен тужителот, бидејќи работодавец на сите е Јавното обвинителство на Република Македонија, по што предложи да се усогласат ставовите на судовите во таа насока.

Претседателот на Апелациониот суд Скопје истакна дека проблем се јавува доколку не бидат целосно опфатени Република Македонија - Јавно обвинителство на Република Македонија и обвинителство каде е вработен тужителот, бидејќи има пракса таквите тужби да се отфрлаат.

Судијата Букурије Ајдини реплицираше дека материјалното право, односно Законот за јавно обвинителство и Јавно обвинителска служба не дозволуваат тужбите да бидат отфрлени и по истите ќе се постапува без оглед дали е наведено Јавното обвинителство на Република Македонија, било да е наведено обвинителството како единка каде се извршуваат работните задачи, бидејќи работодавач за јавнообвинителските службеници е Републичкиот јавен обвинител, бидејќи во суштина таму се извршуваат работните задачи.

Во своето излагање, судијата Николчо Николовски истакна дека доколку сега судовите се усогласат, ќе има конзинстентен став за тоа како ќе треба да гласи називот на тужениот во постапките за остварување на овие права, со што ќе се дефинира пасивната легитимациија.

Во дискусијата збор зема претседателот на Апелациониот суд Штип Наке Георгиев, кој истакна дека согласно член 80 став 1 од Законот за јавно обвинителство, средствата за работа на Јавните обвинителства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, преку буџетскиот корисник Јавно обвинителство на Република Македонија, а согласно член 89 став 1 од Законот за јавно обвинителство, Јавно обвинителство на Република Македонија изготвува единствена буџетска пресметка. Во оваа насока потенцираше дека не смеат да се отфрлаат тужбите ако во истите има Република Македонија – Јавно обвинителство на Република Македонија.

По завршување на дискусијата по однос на правното прашање, а со оглед да апелационите судови се усогласија во своите ставови, се констатираше дека е усвоен следниот:

ЗАКЛУЧОК

Пасивно легитимиран како тужен, во постапките со јавнообвинителските службеници за исплата на додаток на плата за посебни услови за работа, додаток на плата за висок ризик и додаток на плата за доверливост, е Република Македонија - Јавно обвинителство на Република Македонија и обвинителството како единка во која тужителот ги извршува работните задачи.

Со разгледување и заклучување на дискусиите по поставените правни прашања, заврши работниот дел од средбата.

Во продолжение на средбата, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Јово Вангеловски, најави дека во иднина ќе се организираат редовно вакви состаноци, со тоа што спорните прашања претходно ќе бидат предмет на разгледување кај соодветниот оддел на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а за начинот на кој ќе се одбива предвидената соработка, ќе биде објавено соопштение на веб страна на Судот, кое ќе биде достапно до сите. Воедно, истакна дека е постигната согласност за потпишување на Меморандум за формирање на координативно тело за следење на конзинстентноста и подобрување на легислативата, помеѓу Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелационите судови Република Северна Македонија, Вишиот управен суд, Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство со посредство на Центарот за правни истражувања, по што му даде збор на претставникот од Центарот за правни истражувања, г-дин Жарко Хаџи-Зафиров.

Во своето излагање г-дин Жарко Хаџи-Зафиров, откако ги поздрави присутните истакна дека во неколку наврати биле организирани заеднички средби за усогласување на правните ставови на четирите апелациони судови, како и студиската посета во Загреб, од каде веќе се пренесуваат искуства во работата на судовите. Притоа, сподели дека идејата за формирање координативно тело е кога има неприменлива одредба од закон, која во секојдневната работа на судиите се применува и премостува со одредена судска практика, таа судска практика да се преточи во законска норма и преку Министерстворто за правда да се измени соодветниот закон. Посочи на првото прашање кое беше разгледувано на средбата, како пример, а во насока на тоа дека доколку се заземеше став дека нема исклучителна надлежност за платниот налог, тогаш ќе требаше да се менува законот, за што е потребно да има иницијатива и преку судска одлука да се презентира аргументацијата на судството како трета власт. Во оваа насока, наведе дека сите прашања кои би довеле до олеснување на примената на законот, а кои ќе бидат прифатливи и за Министерството за правда, преку филтрирање во Секретаријатот за законодавство, би биле предложени како предлог измени на одредени закони, за што

има согласност има и од страна на Министерството за правда со потпишување на споменатиот меморандум за целата програма. На крајот од своето излагање, исткана дека во брзо време се очекува да се потпише Меморандумот, чии еднакви страни ќе бидат присутните, но активноста ќе се одвива во рамките на Врховниот суд на Република Северна Македонија како единствен суд во Република Северна Македонија, кој што се грижи за единствена примена на законите.

Заедничката средба заврши со обраќање на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Јово Вангеловски, кој се заблагодари на присутните.

Секретар на
Одделот за судска практика
виш судски соработник
Елена Стефковска

Претседател на
Одделот за судска практика
судија
Николчо Николовски